# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за финансиско и деловно работење на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје во 2024 година

Март 2025

# СОДРЖИНА

1 Вовед ....................................................................................................3

2 Клучни бројки за деловното работење за 2024 година ........................................5

3 Основни податоци ....................................................................................6

3.1 Статус....................................................................................................6
3.2 Регистрирана и лиценцирана дејност.........................................................6
3.3 Управување и организациона структура ....................................................6
3.4 Кадровска структура ................................................................................7

4 Обем на преземена и испорачана топлинска енергија за 2024 година .................8

5 Загуби во дистрибутивниот систем ...........................................................10

6 Приклучен конзум на системот за дистрибуција............................................11

7 Одржување на дистрибутивниот систем.....................................................12

7.1 Тековно одржување на дистрибутивниот систем ........................................14
7.2 Тековно одржување на топлински потстаници ...........................................17

8 Развој, инвестиции и проширување на дистрибутивен систем ........................18

8.1 Развој и проширување на дистрибутивниот систем ....................................18
8.2 Инвестиции во дистрибутивниот систем....................................................18
8.2.1 Инвестициски проекти на дистрибутивната мрежа ....................................18
8.2.2 СКАДА систем .......................................................................................20

9 Грижа за потрошувачите ..........................................................................21

9.1 Сервисирање на внатрешни инсталации – “Мој Сервис” ..............................22

10 Правно-административни работи во врска со работењето на друштвото ..........23

11 Јавни набавки.........................................................................................24

12 Финансиски извештаи ...............................................................................31

12.1 Извештај за финансиската состојба...........................................................31
12.2 Извештај за сеопфатна добивка ...............................................................32
12.3 Извештај за паричните текови..................................................................33
12.4 Извештај за промени во главнината .........................................................34

13 Оценка за реализирањето на бизнис планот во претходната година и бизнис план за тековната година..........................................................................35

13.1 Оценка на реализирањето на бизнис планот во претходната година ......35
13.2 Бизнис план за тековната година .............................................................37

14 Организациона шема на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје .............38

# 1 Вовед

Друштвото ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје на 14.10.2022 година доби Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија ТЕ-ДИСТР-17-2022, издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ со временски период на важење на лиценцата 35 години, а на 30.01.2023 година донесена е Одлука за менување на лиценца бр. УП1 Бр. 11- 480/22 поради зголемување на капацитетите со кои се врши дејноста.

Одржувањето и постојаниот развој на системот за дистрибуција претставува една од главните задачи на Друштвото, која произлегува од обврската наведена во Лиценцата, за обезбедување на услови за сигурна, континуирана и квалитетна дистрибуција на топлинска енергија за греење. Системот за дистрибуција на топлинска енергија се состои од дистрибутивна мрежа (главни и секундарни водови и препумпни станици, со пропратна арматура), приклучоци на објектите и топлински потстаници.

Еден од клучните аспекти на обезбедување на сигурност на системот за дистрибуција е високостручниот кадар кој е задолжен процесот на испорака на топлинска енергија да се одвива континуирано, квалитетно и ефикасно. Согласно Правилникот за систематизација на работни места, Друштвото е организирано во 3 Служби и 8 Одделенија. Вкупниот број на вработени е 187. Стручната подготовка и образование на кадрите овозможува непречено извршување на енергетската дејност на Друштвото.

Согласно ГИС евиденцијата, вкупната должината на дистрибутивната мрежа вклучително и приклучоците до топлинските станици во објектите, заклучно со 31.12.2024 година, изнесува 255,2 km’.

Со цел обезбедување на сигурна и квалитетна испорака на топлинска енергија, како и постојано подобрување на ефикасноста на процесот, воведен е SCADA систем за мониторинг и управување на топлинските станици и поедини точки во дистрибутивниот систем (шахти и препумпни станици). Досега SCADA системот е имплементиран во околу 1800 топлински потстаници, 12 шахти и 2 препумпни станици.

Состојбата на системот за дистрибуција континуирано се следи во текот на целата година. Посебно внимание се посветува на превенирање на дефекти на дистрибутивната мрежа преку ремонтни активности и детекција на слабите точки во текот на летниот период. Друштвото поседува современа опрема за лоцирање на истекувањата на топлоносителот на дистрибутивната мрежа. Прецизноста при лоцирање на истекувањата е со 99% точност.

Санацијата на дефектите на дистрибутивната мрежа се врши во најкус рок, користејќи современа опрема за извршување на овие активности. Прекините на испораката на топлинска енергија заради дефект на мрежа се сведени на технички минимум.

Во однос на задоволување на потребите на потрошувачите за одржување и санација на дефекти на внатрешната грејна инсталација, во склоп на Друштвото има Сервис за внатрешна инсталација кој претставува нераскинлив дел од процесот. Сервисот работи со обучени стручни лица, вклучувајќи инженерски висококвалификуван кадар за професионално и квалитетно решавање на проблемите со греењето на потрошувачите. Со оваа услуга подобрена е контролата на системот за дистрибуција на топлинска енергија, подобрен е квалитетот на услугата и зголемено е задоволството кај потрошувачите.

Годишниот извештај за 2024 година е изготвен врз основа на завршната годишна сметка, билансот на состојба, билансот на успех и извештаите на одговорните лица на работните единици во Друштвото, за период од 01.01.2024 до 31.12.2024.

Извештајот има за цел на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ да и обезбеди информации и увид во финансиското и деловно работењето на Друштвото согласно лиценцата за вршење енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија.

# 2 КЛУЧНИ БРОЈКИ ЗА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Табела 1 Клучни бројки за деловното работење за 2024 година**

| **Клучни бројки за ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје** | **2024 /денари** |
|---|---|
| Преземена топлинска енергија од производители (kWh) | **518.501.909** |
| Испорачана топлинска енергија на мерни места (kWh) | **460.041.647** |
| **Извештај за сеопфатна добивка (денари)** | **2024** |
| Вкупни приходи | 2.505.695.220 |
| EBITDA | 199.080.491 |
| EBIT | 149.258.067 |
| EBT | 149.256.162 |
| Нето добивка/загуба | 149.256.162 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 149.256.162 |
| Број на вработени | 187 |
| **Извештај за финансиска состојба (денари)** | **2024** |
| Вкупни средства | 2.024.624.981 |
| Вкупни побарувања | 870.332.759 |
| Вкупни обврски | 2.776.785.876 |
| Долгорочни обврски | - |

# 3 Основни податоци

## 3.1 Статус

ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност, основано од АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, кое се занимава со енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија како дејност од јавен интерес, односно преземање на топлинска енергија од производителите и нејзина испорака до објектите приклучени на дистрибутивниот систем.

## 3.2 Регистрирана и лиценцирана дејност

Приоритетна регистрирана дејност на друштвото:

35.30 - Снабдување со пареа и климатизација

Друштвото ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје на 14.10.2022 година доби Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија ТЕ-ДИСТР-17-2022, издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ со временски период на важење на лиценцата 35 години. Заради зголемување на капацитетите со кои се врши дејноста друштвото согласно Правилникот за лиценци и Одлуката за изменување на одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, по поднесено барање до РКЕ за менување на лиценцата за од страна на РКЕ на ден 30.01.2023 година донесена е одлука УП1 бр.11-480/22 за менување на одлуката за издавање на лиценца за вршење енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија. Врз основа на одредбите на Лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија, Друштвото ја врши енергетската дејност - дистрибуција на топлинска енергија на подрачјето на градот Скопје, односно на делови од подрачјата на општините: Аеродром, дел од Гази Баба, Кисела Вода, Центар, Карпош, Чаир и Ѓорче Петров.

Друштвото поседува Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија бр.П.513/А со важност до Јануари 2030 година издадена од Министерството за транспорт и врски на РСМ.

## 3.3 Управување и организациона структура

Управувањето во Друштвото е организирано согласно одредбите на Законот за трговските друштва и со него управува Директор.

Согласно Правилникот за систематизација на работни места како и неговите измени и дополнување во текот на 2024 година, Друштвото е организирано на следниот начин:

- Директор;
- Кабинет на директорот;
- Служба за управување, одржување и развој на дистрибутивниот систем;
    - Одделение за машинско одржување на дистрибутивниот систем;
    - Одделение за електро-одржување на дистрибутивниот систем;
    - Одделение за мониторинг и управување на дистрибутивниот систем;
    - Одделение за сервис на внатрешни инсталации „Мој сервис“;
    - Одделение за санација на дефекти на дистрибутивен систем;
    - Одделение за надзор, проектирање и развој на дистрибутивниот систем;
- Служба за финансиски и комерцијални работи;
    - Одделение за финансиски работи, планирање и анализа;
    - Одделение за комерцијални работи;
- Служба за правни и општи работи;
    - Одделение за правни, кадровски и општи работи.

Организационата шема е дадена во Прилог 1.

## 3.4 Кадровска структура

Бројот на вработени на 31.12.2024 година во Друштвото изнесува 187.

Стручната подготовка на вработените овозможува целосно извршување на енергетската дејност на Друштвото. Во следната табела е даден бројот на вработени, распределени според нивната квалификациона структура.

**Табела 2 Квалификациона структура**

| Степен на стручна подготовка | Број на вработени | Примени на определено време |
|---|---|---|
| **VIIA** | 5 | / |
| **VII/1** | 9 | / |
| **VII** | 33 | / |
| **VIA/B** | 7 | / |
| **V** | 5 | / |
| **IV** | 101 | / |
| **III** | 22 | / |
| **II** | 1 | / |
| **основно** | 4 | |
| **Вкупно** | **187** | **/** |

Во Друштвото ЕСМ Дистрибуција на топлинска енергија во текот на 2024 година има 201 вработени од кои, 3 лица имаат потпишано Спогодбен прекин на договорот за вработување, 2 лица се стекнале со право на старосна пензија и 9 лица се одјавени со Одлука за откажување на Договорот за вработување без отказен рок, односно 187 вработени заклучно со 31.12.2024 година.

# 4 ОБЕМ НА ПРЕЗЕМЕНА И ИСПОРАЧАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

**Табела 3 Обем на преземена и испорачана топлинска енергија за 2024 година**

| | | Јануари | Февруари | Март | Април | Октомври | Ноември | Декември | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Преземена топлинска енергија од регулиран производител | kWh | 46.021.300 | 24.996.300 | 42.324.700 | 20.043.300 | 15.264.460 | 39.262.767 | 57.706.582 | 245.619.409 |
| Преземена топлинска енергија од нерегулиран производител | kWh | 72.695.400 | 55.037.600 | 20.018.400 | 4.079.500 | 6.635.900 | 55.096.700 | 59.319.000 | 272.882.500 |
| **Преземена топлинска енергија од производители** | kWh | **118.716.700** | **80.033.900** | **62.343.100** | **24.122.800** | **21.900.360** | **94.359.467** | **117.025.582** | **518.501.909** |
| **Испорачана топлинска енергија на потрошувачи** | kWh | **106.477.265** | **71.824.642** | **53.658.963** | **19.892.043** | **17.147.837** | **84.092.704** | **106.948.193** | **460.041.647** |
| Загуби на енергија во дистрибутивна мрежа | kWh | 12.239.435 | 8.209.258 | 8.684.137 | 4.230.757 | 4.752.523 | 10.266.763 | 10.077.389 | 58.460.262 |
| Загуби на енергија во дистрибутивна мрежа | % | **10,31%** | **10,26%** | **13,93%** | **17,54%** | **21,70%** | **10,88%** | **8,61%** | **11,27%** |

**Табела 4 Обем на испорачана топлинска енергија по типови на тарифни потрошувачи за 2024 година**

| | | Јануари | Февруари | Март | Април | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домаќинство | kWh | 83.863.315 | 56.343.053 | 42.686.311 | 15.948.497 | 14.107.666 | 67.528.473 | 84.056.604 |
| Останати | kWh | 18.814.635 | 11.857.071 | 8.668.198 | 3.073.323 | 2.346.985 | 13.095.847 | 18.064.188 |
| Образование | kWh | 3.711.058 | 3.329.417 | 2.286.054 | 870.223 | 693.186 | 3.369.375 | 4.694.893 |
| Пробно греење | kWh | 88.258 | 295.101 | 18.400 | 0 | 0 | 99.009 | 132.509 |
| **Вкупно** | **kWh** | **106.477.265** | **71.824.642** | **53.658.963** | **19.892.043** | **17.147.837** | **84.092.704** | **106.948.193** |

Друштвото ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје во 2024 година од регулираниот производител на топлинска енергија презеде 245.619,409 MWh, додека од нерегулиран производител на топлинска енергија се преземени 272.882,5 MWh.

Енергијата преземена од регулираниот производител на топлинска енергија, за месеците октомври, ноември и декември 2024 година, е по пресметка согласно Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија. Ова се должи на тоа што мерилата за топлинска енергија во Топлана Запад и Топлана Исток, кои се во сопственост на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, се со истечени решенија за верификација на мерилото издадени од Бирото за метрологија. За ова навремено се известени регулираниот производител, ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје и Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ. Согласно барањето од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ истите се планирани да бидат верификувани во најбрз можен рок, а не подоцна од почетокот на грејната сезона 2025/26.

Вкупно во дистрибутивната мрежа во 2024 година се преземени 518.501,909 MWh, додека до крајните потрошувачи се испорачани 460.041,647 MWh топлинска енергија. Мерењето на испорачана топлинска енергија до мерно место се врши преку верификувани мерила во топлинските потстаници. Вкупниот број на мерила, на активни мерни места е 2961, од кои на 2284 мерила параметрите се читаат далечински.

# 5 ЗАГУБИ ВО ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Топлинската енергија се презема од производните капацитети и истата преку системот за дистрибуција се испорачува до мерните места на потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем. Топлинската енергијата на влез во дистрибутивниот систем е регистрирана преку фискални мерила на топлинска енергија, поставени на излезните точки кај производителите на топлинска енергија, односно на влез во дистрибутивната мрежа. Во 2024 година остварена е загуба при преносот на топлинската енергија од 11,27%, односно 58.460,262 MWh. Загубата при преносот/дистрибуцијата на топлинската енергија е последица на загуби на енергија поради оддавање на топлина од цевководите кон околината (трансмисиони загуби) и помал дел поради истекување на топлоносителот.

**Табела 5 Загуби на топлинска енергија - споредба**

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Загуби на топлинска енергија (MWh) | 54.920,43 | 58.460,26 |
| Загуби на топлинска енергија % | **10,72 %** | **11,27 %** |

Загубите на топлинска енергија од истекување на топлоносителот во 2024 година се проценети на околу 1% од вкупните загуби при преносот на енергијата. За брзо и ефикасно лоцирање на дефектите на дистрибутивниот систем поставени се контролни (инјектирачки) места. Во текот на ремонтниот период се вршат превентивни испитувања на дистрибутивна мрежа, со цел лоцирање и санирање слаби места и овозможување сигурна и стабилна испорака на топлинска енергија кон корисниците во грејната сезона. Интензивните ремонтни активности ја подобруваат стабилност на испораката на топлинска енергија преку дистрибутивниот систем.

**Табела 6 Дополна на вода заради истекување на топлоносител од дистрибутивниот систем во 2023 и 2024 година (споредба)**

| Година | јануари $m^3$ | февру. $m^3$ | март $m^3$ | април $m^3$ | мај $m^3$ | јуни $m^3$ | јули $m^3$ | август $m^3$ | септ. $m^3$ | октом. $m^3$ | ноем. $m^3$ | декем. $m^3$ | ВКУПНО $m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | 16.262 | 14.815 | 15.063 | 13.490 | 11.360 | 6.431 | 7.990 | 6.845 | 13.336 | 16.889 | 18.336 | 20.267 | **161.084** |
| **2023** | 11.604 | 11.258 | 11.739 | 10.379 | 8.716 | 8.017 | 6.929 | 6.202 | 7.130 | 16.277 | 17.196 | 16.862 | **132.309** |

# 6 ПРИКЛУЧЕН КОНЗУМ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА

Во табелата подолу даден е детален приказ на приклучениот конзум на системот за дистрибуција, по категорија на потрошувачи, во 2023 и 2024 година.

**Табела 7 Приклучен конзум на дистрибутивниот систем по категорија на потрошувач - споредба**

| Месец | Домаќинство | | Останати | | Образование | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | kW | | kW | | kW | | kW | |
| | **2023** | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** | **2024** |
| **Јануари** | 389.527 | 410.165 | 91.848 | 93.799 | 22.793 | 24.976 | **504.169** | **528.941** |
| **Февруари** | 403.380 | 410.729 | 93.052 | 92.320 | 25.142 | 24.976 | **521.573** | **528.026** |
| **Март** | 404.456 | 412.954 | 93.021 | 91.584 | 24.885 | 24.976 | **522.361** | **529.515** |
| **Април** | 406.141 | 413.742 | 92.420 | 90.380 | 24.885 | 24.976 | **523.446** | **529.098** |
| **Октомври** | 407.472 | 415.357 | 90.719 | 86.538 | 24.959 | 23.681 | **523.150** | **525.576** |
| **Ноември** | 407.613 | 415.898 | 97.002 | 87.586 | 24.976 | 23.681 | **529.591** | **527.166** |
| **Декември** | 409.142 | 417.503 | 94.610 | 88.367 | 24.976 | 23.951 | **528.728** | **529.821** |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **3.653.018** | **3.698.143** |

# 7 ОДРЖУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Одржувањето на системот за дистрибуција претставува една од главните задачи на Друштвото, која произлегува од обврската наведена во Лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија, односно обезбедување на услови за сигурна, континуирана и квалитетна дистрибуција на топлинска енергија за греење. Дистрибутивниот систем за топлинска енергија се состои од дистрибутивна мрежа (главни и секундарни водови и препумпни станици), приклучоци на објектите и уреди за предавање на топлинската енергија на објектите (топлински потстаници).

Со изградба на нови топловоди и реконструкции на постоечки, како и за тековно одржување, што вклучува санација на дефекти на мрежата, одржување на арматура, градежно одржување на мрежата, корекција на изолацијата во шахти итн. се креира нова вредност во мрежата, се подобрува ефикасноста на дистрибутивниот процес и се обезбедува сигурност во испораката на топлинска енергија.

Во однос на приклучоците и топлинските потстаници, кои се во сопственост на корисниците, Друштвото врши тековно одржување со цел обезбедување функционалност на дистрибутивниот систем и обезбедување на континуирана испорака на топлинска енергија, без позначајни прекини.

Дистрибутивниот систем се состои од систем на цевководи, во најголем процент изведени во подземни армиранобетонски канали, предизолирани цевки, кои се поставени директно во земја, соодветна арматура, како и пет препумпни станици.

**Табела 8 Технички карактеристики на препумпни станици**

| Препумпни станици по типови и број на пумпа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Локација** | **Производител на пумпа** | **Тип на пумпа** | **Кол.** | **Проток $m^3/h$** |
| Препумпна станица – ТО Водно | MZT | КЦП 182 | 2 | 107 |
| Препумпна станица – Шахта Загребска | Wilo | ИПН 80/160 | 1 | 70 |
| Препумпна станица – ДОУ Кочо Рацин (кон ул. Ацо Караманов) | Wilo | Стратос 50/1 - 12 | 1 | 25 |
| Препумпна станица – Партизанска | KSB | РГН 300 -400/16004 | 1 | 1200 |
| Препумпна станица 11-ти Октомври | KSB | ЕТН 200 -150 - 400 | 4 | 4x450 |

Согласно ГИС евиденцијата, вкупната должината на дистрибутивната мрежа и приклучоците мерени до топлинските станици во објектите, односно вклучувајќи го и делот од приклучоците кој поминува низ објектите, заклучно со 31.12.2024 година, изнесува 255,4 km’.

**Табела 9 Технички карактеристики на системот од цевководи**

| Димензија на цевка (DN) | Должини на цевководи (km) | | |
|---|---|---|---|
| | Магистрални и секундарни | Приклучоци | Вкупно |
| **25** | 0 | 0,2 | 0,2 |
| **32** | 1,2 | 20,8 | 22,0 |
| **40** | 3,9 | 15,6 | 19,4 |
| **50** | 10,0 | 22,9 | 33,0 |
| **65** | 18,4 | 22,6 | 41,0 |
| **80** | 13,9 | 5,4 | 19,4 |
| **100** | 19,3 | 3,8 | 23,1 |
| **125** | 15,1 | 1,5 | 16,6 |
| **150** | 17,3 | 1,0 | 18,3 |
| **175** | 3,3 | 0 | 3,3 |
| **200** | 13,8 | 0,4 | 14,2 |
| **225** | 0,9 | 0 | 0,9 |
| **250** | 9,2 | 0 | 9,2 |
| **300** | 4,8 | 0 | 4,8 |
| **350** | 6,1 | 0 | 6,1 |
| **400** | 3,9 | 0 | 3,9 |
| **450** | 6,2 | 0 | 6,2 |
| **500** | 5,1 | 0 | 5,1 |
| **600** | 3,7 | 0 | 3,7 |
| **700** | 5,0 | 0 | 5,0 |
| **800** | 0,004 | 0 | 0,004 |
| **Вкупно** | **161,1** | **94,2** | **255,4** |



**Слика 1 Диспозиција на дистрибутивниот систем**

## 7.1 ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Одржувањето на дистрибутивниот систем е клучно за непречено извршување на процесот на дистрибуција на топлинска енергија од производните капацитети до потрошувачите.

Со цел намалување на загубите на топлоносител и попрецизно лоцирање на ново-појавените течења во ремонтниот период, преку контролните - инјектирачки места, се врши испитување на дистрибутивната мрежа под притисок/проток, што придонесува за побрзо, прецизно и поефикасно лоцирање и санирање на дефектите, со што се овозможува поголема сигурност, стабилност и доверливост на дистрибутивниот систем. Дополнително, истите служат за тековно испитување и пронаоѓање на загубите на вода од дистрибутивната мрежа во текот на грејната сезона.

Состојбата на дистрибутивниот систем континуирано се следи во текот на целата година. Согласно претходно утврдени планови за контрола, превентивно се врши мерење на загубите на топлоносител, визуелно се проверуваат шахтите, а исто така се користи и најсовремена опрема за лоцирање на истекувања од цевководите. Дополнително, како редовна активност се врши проверка на топлинските потстаници со цел откривање на неконтролирано испуштање на топлоносител од страна на потрошувачите и истекувања од внатрешни подземни инсталации. Загубата на топлоносителот се следи на дневно ниво, при зголемена загуба веднаш се пристапува кон лоцирање на делот од системот каде има истекување, по што следува одредување на точната локација и негова санација.

Санацијата на лоцираните дефекти се врши во најкус рок, при што сите активности за санација на дефектите на дистрибутивниот систем се изведуваат со континуиран надзор на изведбата на градежните и машинските зафати. Инвестициските планови се формираат врз основа на утврдени дотраени делници од дистрибутивната мрежа и потребата за проширување на истата со цел приклучување на нов конзум. Особено внимание се посветува на брзото откривање и санирање на делниците од кои истекува топлоносителот. Со скратување на времето на истекување се постигнува двоен ефект, се намалува времето на неиспорака на топлинска енергија до потрошувачите и се намалува загубата на топлоносителот, односно топлинската енергија која е преземена од производителите, а не е испорачана во топлинските потстаници - мерните места.

Како резултат на испитувањето на дистрибутивниот систем, во 2024 година беа лоцирани и санирани 68 дефекти.

**Табела 10 Дефекти на дистрибутивен систем, споредбено**

| Месец | Број на дефекти 2023 | Број на дефекти 2024 |
|---|---|---|
| Јануари | 11 | 11 |
| Февруари | 8 | 4 |
| Март | 6 | 2 |
| Април | 0 | 2 |
| Мај | 1 | 1 |
| Јуни | 5 | 3 |
| Јули | 3 | 5 |
| Август | 2 | 1 |
| Септември | 3 | 6 |
| Октомври | 8 | 13 |
| Ноември | 8 | 8 |
| Декември | 6 | 12 |
| **Вкупно** | **62** | **68** |

Вкупна заменета должина на цевки при санација на дефекти во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година е 368,2 m'.

Потребно е да се истакне дека најчеста причина за дефектите на дистрибутивниот систем, особено на дистрибутивната мрежа е нејзината старост и корозијата на цевководите.

Во продолжение се дадени дел од фотографиите од состојбата на дистрибутивниот систем за топлинска енергија на локации каде во периодот 2024 година се детектирани и санирани дефекти:



**Слика 2 Санација на дефект на ул.Донбас бр.1**



**Слика 3  Санација на дефект на ул.Јани Лукровски**



**Слика 4 Санација на дефект на ул.Христо Татарчев бр.14**



**Слика 5  Санација на дефект на ул.Васил Ѓоргов бр.45**

## 7.2 ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ТОПЛИНСКИ ПОТСТАНИЦИ

Топлинските потстаници се дел од дистрибутивниот систем кои се надоврзуваат на приклучоците на објектите и служат за регулација на влезните параметри на топлоносителот во внатрешната грејна инсталација на објектите и мерење на испорачаната топлинска енергија на ниво на мерното место.

Вкупниот број на циркулациони пумпи во топлинските потстаници изнесува 5.116, при што во 2024 година поради дефект на истите заменети се 116 циркулациони пумпи. Најчеста причина за замена на циркулационите пумпи во топлинските потстаници е механички или електричен дефект. Подолу е даден преглед на интервенциите во топлинските потстаници:

**Табела 11 Замена на опрема во топлински потстаници**

| Замена на опрема во топлински потстаници | |
|---|---|
| Заменети циркулациони пумпи | 116 |
| Заменети електро-моторни вентили | 50 |
| Заменети погони на електро-моторни вентили | 27 |
| Заменети мерила на топлинска енергија, демонтажа и монтажа заради верификација | 705 |
| Заменети мерила на топлинска енергија, демонтажа и монтажа заради сервис и верификација | 230 |
| Заменети регулатори на притисок | 37 |
| Заменети вентили | 87 |
| Заменети електронски регулатори на греење | 16 |

**Табела 12 Интервенции и санација на дефекти во топлински потстаници**

| Санација на дефекти во топлински потстаници | |
|---|---|
| Интервенции на електрична инсталација | 412 |
| Интервенции на опрема за регулација | 448 |
| Интервенции на комуникациска опрема | 163 |
| Интервенции на мерна опрема | 295 |
| Прочистување на арматура и течење во топлинска потстаница | 263 |
| Интервенција на циркулациона пумпа | 310 |
| Испуштен воздух во топлинска потстаница | 45 |
| Останато | 1701 |

# 8 РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВЕН СИСТЕМ

## 8.1 РАЗВОЈ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Една од главните цели на ЕСМ Дистрибуција на топлина е активно да работи на развој на дистрибутивниот систем преку зголемување на капацитетот на постојната мрежа и изградба на нови водови согласно развојот на градот и усвојувањето на новите ДУП-ови, намалување на загубите при процесот на дистрибуција на топлинска енергија, продолжување со процесот на дигитализација и автоматизација на дистрибутивната мрежа преку SCADA системот, со цел подобра резолуција при секојдневното оперирање, како и оптимизација на процесот на дистрибуција на топлинска енергија.

## 8.2 ИНВЕСТИЦИИ ВО ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

### 8.2.1 Инвестициски проекти на дистрибутивната мрежа

Прегледот на активните инвестициски проекти, како и статусот на истите, наведени подолу во табелата:

**Табела 13 Активни инвестициски проекти**

| Инвестиционен проект | СТАТУС |
|---|---|
| Изградба (дислокација) на вод Е2 од шахта Ш090 до новопроектирана шахта Ш180 со пропратни новопроектирани секундарни водови | Во фаза на комплетирање документација |
| Изградба и реконструкција на топловод А1 по Кеј 13 Ноември (фаза2) | Завршен |
| Изградба на топловод Е2 од шахта Ш330 пред Министерство за економија до новопроектирана шахта Ш330 во близина на ул. Јуриј Гаргарин 35 со пропратни секундарни топловоди | Во фаза на одобрување на градежна дозвола |
| Изградба на секундарен вреловод Е2.220.004 од нова шахта 035 на вод Е2.220 до новопроектирана шахта 020 за новоизградени објекти на ул. Козле | Во завршна фаза на изведба |
| Изградба на нов секундарен вреловод А3.010 од постоечка шахта 010 на вод А3 за планирани објекти според ДУП Ј13 за населбата „11-ти Октомври" (фаза 1) | Во завршна фаза на изведба |
| Изградба на нов секундарен вреловод А3.010 од постоечка шахта 010 на вод А3 за планирани објекти според ДУП Ј13 за населбата „11-ти Октомври" (фаза 2) | Во фаза на одобрување Урбанистички Проект |
| Изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180 на ул. Есенинова од Ш007 до Т3 - Град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010-Општина Кисела Вода | Во фаза на одобрување Урбанистички Проект |

**Табела 13 – продолжение - Активни инвестициски проекти**

| Инвестиционен проект | СТАТУС |
|---|---|
| Основен проект за изградба на секундарен топловод Е2.270 од шахта 340 од вод Е2 за новопредвидени објекти според ДУП Буњаковец 2 Блок 6 | Во фаза на одобрување Урбанистички Проект |
| Изградба на секундарен вод од постоечка Ш040 на вод Б2.080.006 на ул. Франклин Рузвелт до шахта 050 (до пред објект на ул. Франклин Рузвелт бр. 18) | Во фаза на одобрување Урбанистички Проект |
| Изградба на секундарен вод В2.070.140.110 од постоечка шахта Ш090 до шахта Ш020 во населба Александрија | Во фаза на одобрување на градежна дозвола |



**Слика 6 Реконструкција на вод А1 3, фаза 2**

### 8.2.2 СКАДА систем

Во 2024 година извршена е замена на стариот систем за мониторинг и управување на испораката на топлинска енергија со SCADA систем кај најголем дел од топлинските потстаници. Потребата за замена на стариот мониторинг систем произлегува од неговата неадекватност во поглед на барањата за оптимизација на дистрибуцијата на топлинска енергија и современите барања за нови функционалности.

Сега вкупниот број на топлински потстаници опремени со SCADA систем е околу 1.800. Дополнително, самата апликација е надградена, со што се нуди можности за подобра регулација на испораката на топлинска енергија на ниво на мерно место и можности за поедноставно користење на истата. Интегриран е SCADA системот кој служи за испитување на загубите на вода со SCADA системот за мониторинг и регулација на топлинските потстаници. Активирана е можност за автоматско вклучување и исклучување на пумпите во топлинските потстаници во зависност од тоа дали има испорака на топлинска енергија, со што се намалуваат трошоците за електрична енергија за топлинската потстаница на потрошувачите.

Новите објекти кои се приклучуваат на дистрибутивниот систем, согласно пропишаните технички барања задолжително се опремени со новиот систем за далечинска контрола и регулација.

Континуираната имплементација и развојот на SCADA системот остануваат долгорочна стратешка цел на Друштвото поради досега прикажаните позитивни резултати од неговата имплементација, со особен фокус на намалување на трошоците за набавка и одржување на овој систем во иднина.




**Слика 7 Графички приказ на параметри во SCADA**

# 9 ГРИЖА ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Потрошувачите во 2024 година своите рекламации и барања ги доставуваа преку системот за прием и евиденција на рекламации и интервенции, ТЕСАС. Тој овозможува потрошувачите да пријавуваат дефекти преку говорен автомат или преку пополнување на формулар на веб страната на снабдувачот.

Посочените канали за комуникација се постојано достапни, сите пораки се регистрираат, а рекламациите се проследуваат до надлежните служби за постапување во најкраток можен рок во зависност од проблемот кој е пријавен. Системот за рекламации праќа повратни информации до потрошувачите кои рекламирале за статусот на нивната рекламација.

Во текот на 2024 година беа примени 34.584 пораки. Распределбата на примените пораки по месеци, за 2023 и 2024 година споредбено, е следната:




**График 1 Распределба на примени пораки по месеци, споредбено 2023 и 2024 година**

Најмногу примени пораки имаше на почетокот на грејната сезона (2024/2025). Бројот на примени пораки се намалува како изминува грејната сезона, а надвор од истата, се сведени на минимум.

**Табела 14 – Вкупен број на примени пораки, споредбено**

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Вкупен број на примени пораки | 29.738 | 34.584 |

Во однос на извршените интервенции, каде се вклучени и сопствените налози за работа, вкупно се заведени 29.140 во 2024 година.

**Табела 15 Број на извршени интервенции, по тип**

| Распределба на интервенции | Број на интервенции |
|---|---|
| Течење на внатрешни инсталации | 2.826 |
